Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-502/3
20.11.2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22, и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 20.11.2025 година ја донесе следнава:

# **О Д Л У К А**

за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.07.2025 год. до 30.09.2025 год.

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.07.2025 год. до 30.09.2025 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 20.11.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-502/3
20 11 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## За работата на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.07.2025-30.09.2025 година

# ВОВЕД

За периодот 01.07.2025-30.09.2025 година ,ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 7.294.122,00 денари.
Реализирани се приходи на износ 75.591.072,00 денари и расходи на износ 68.296.950,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 68.936.673,00 | 65.744.169,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 6.021.187,00 | 6.496.186,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА МА МАТЕРИЈАЛИ,РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И ОТПАД** | 7.040,00 | 0,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 607.094,00 | 464.074,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 19.078,00 | 1.503,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **75.591.072,00** | **72.705.932,00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | **2025 година** | **2024 година** |
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 2.410.104,00 | 2.917.515,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 15.105.398,00 | 12.627.962,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 44.663.014,00 | 43.770.977,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2.706.919,00 | 2.750.314,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 3.064.020,00 | 2.305.778,00 |
| | | |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 275.100,00 | 0,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 63.830,00 | 70.911,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 8.565,00 | 15.767,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **68.296.950,00** | **64.459.224,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **75.591.072,00** | **72.705.932,00** |
| **Вкупно расходи** | **68.296.950,00** | **64.459.224,00** |
| **Добивка** | **7.294.122,00** | **8.246.708,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.07.2025 - 30.09.2025 година изнесуваат 75.591.072,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 68.936.673,00ден.
- Сектор Пајак 6.021.187,00 ден.
- Останати приходи 614.134,00 ден.
- Финансиски приходи 19.078,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2025 година | 2024 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 20.470.245,00 | 20.339.737,00 | 130.508,00 | 1,01 |
| **2.зонско паркирање** | 40.558.354,00 | 37.492.328,00 | 3.066.026,00 | 1,08 |
| **3.катна гаража-Беко** | 4.978.308,00 | 4.785.194,00 | 193.114,00 | 1,04 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 2.929.766,00 | 3.126.910,00 | -197.144,00 | 0,94 |
| **Вкупно приходи:** | **68.936.673,00** | **65.744.169,00** | **3.192.504,00** | **1,05** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 3.192.504,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 130.508,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 3.066.026,00 денари.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 4.978.308,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 2.929.766,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 193.114,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се намалиле за 197.144,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2025 година | 2024 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 6.016.949,00 | 6.496.186,00 | -479.237,00 | 0,93 |
| 2.фактурирана услуга | 4.238,00 | 0,00 | 4.238,00 | - |
| Вкупно приходи : | **6.021.187,00** | **6.496.186,00** | **-474.999,00** | 0,93 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 6.021.187,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 474.999,00 денари. Наплатени се вкупно 3577 возила. Во истиот период од минатата година, реализиран е приход на износ 6.496.186,00 денари односно, наплатени се 3.846 возила.

Работењето на сектор пајак е условено од соработката со Министерството за внатрешни работи но влијаат и други околоности како : недоволната екипираност со вработени во однос на бројот на специјални возила со кои располага претпријатието, понатаму работењето е условено и од исправноста на возилата, временските услови итн.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2025 година | 2024 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 68.054,00 | 6.940,00 | 61.114,00 | 9,81 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од наплатени судски трошоци | 134.062,00 | 15.910,00 | 118.152,00 | 8,43 |
| од наплата на штети | 0,00 | 20.200,00 | -20.200,00 | 0,00 |
| од др.надомест,вонред.приходи | 44.116,00 | 53.122,00 | -9.006,00 | 0,83 |
| Вкупно приходи : | **614.134,00** | **464.074,00** | **150.060,00** | 1,32 |

Во групата останати приходи која изнесува 614.134,00 денари спаѓаат приходи од наплата на отпишани побарувања и обврски, приходи од тужени побарувања, приходи од субвенции, од наплата на штети,од наплата на судски трошоци итн.

Приходи од отпишани побарувања и обврски 68.054,00 денари; приходи од субвенции за набавка на опрема 367,902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 134.062,00 денари, не се евидентирани приходи од наплата на штети како и вонредни приходи на износ 44.116,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец септември бележиме приходи на износ 19.078,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.07.2025- 30.09.2025 година се на износ 68.296.950,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење | 65.639,00 | 201.966,00 | -136.327,00 | 0,33 |
| Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички | 430.363,00 | 515.146,00 | -84.783,00 | 0,84 |
| ел.енергија,парно | 961.416,00 | 1.174.531,00 | -213.115,00 | 0,82 |
| гориво и масло за подмачкување | 792.429,00 | 935.094,00 | -142.665,00 | 0,85 |
| Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема | 160.257,00 | 90.778,00 | 69.479,00 | 1,77 |
| вкупно: | 2.410.104,00 | 2.917.515,00 | -507.411,00 | 0,83 |

Материјалните трошоци изнесуваат 2.410.104,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 65.639,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 430.363,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 961.416.00 ден.; гориво 792.429,00 ден. , како и трошоците за ситен инвентар 136.730,00 ден. автогуми 8.763,00 и ХТЗ опрема 14.764,00 ден. или севкупно трите ставки на износ 160.257,00 денари.

Од прегледот се забележува пад на материјалните трошоци со исклучок на трошокот за ситен инвентар и автогуми во употреба.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Поштенски,телефонаки услуги и интернет | 592.439,00 | 569.532,00 | 22.907,00 | 1,04 |
| Услуги за изработка на инфо табли | 0,00 | 787.800,00 | -787.800,00 | - |
| Услуги за тековно одржување | 3.832.141,00 | 2.674.979,00 | 1.157.162,00 | 1,43 |
| Тршоци за наем | 826.289,00 | 990.697,00 | -164.408,00 | 0,83 |
| Комунални услуги | 1.718.785,00 | 1.744.157,00 | -25.372,00 | 0,99 |
| Останати услуги | 326.715,00 | 264.116,00 | 62.599,00 | 1,24 |
| Останати непроизводствени услуги | 6.009.267,00 | 5.596.681,00 | 412.586,00 | 1,07 |
| Останати услуги - времени вработувања | 1.799.762,00 | 0,00 | 1.799.762,00 | - |
| вкупно: | 15.105.398,00 | 12.627.962,00 | 2.477.436,00 | 1,20 |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за изработка на информативни табли, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 15.105.398,00 денари кои споредено со истиот период на минатата 2024 година се поголеми за 2.477.436,00 денари .

Од табелата може да се забележи дека има различно движење на трошоците во групата, кај одделни трошоци бележиме пад, кај некои зголемување , одделни трошоци ги нема во извештајниот период (за изработка на инфо табли) како што и одделни трошоци се појавуваат во овој квартал а минатата година немало такви трошоци ( за времени вработувања).

Трошокот за комунални услуги односно на услугата за собирање на смет е речиси на идентично ниво како и минатата година.

Трошокот за одржување на системот за зонско паркирање е поголем за 412.586,00 денари како резултат на поголем промет од зонското паркирање во овој квартал од годината споредено со минатата година.

Во споредба со минатата година кога немавме времено ангажирани лица, во овој квартал од годината трошокот за времени вработувања изнесува 1.799.762,00 денари.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 43.962.242,00 | 43.708.029,00 | 254.213,00 | 1,01 |
| **отпремнина** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 504.031,00 | 20.341,00 | 483.690,00 | 24,78 |
| **помош на вработени** | 196.741,00 | 42.607,00 | 154.134,00 | 4,62 |
| **вкупно:** | **44.663.014,00** | **43.770.977,00** | **892.037,00** | 1,02 |

Трошокот за плати и надоместоци од плата и др.трошоци на вработените изнесува 44.663.014,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 892.037,00 денари.

За период 01.07-30.09.2025 година трошокот за бруто плата изнесува 43.962.242,00 денари. Бројот на вработени во јавното претпријатие заклучно септември изнесува 241 лица додека бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 246 лица.

Во извештајниот период евидентирани се трошоци за единаесет јубилејна награда за 20 години непрекинат стаж во претпријатието на износ 504.031,00 денари. За помош за вработени евидентиран е трошок на износ од 60.000,00 денари, по основ непрекинато боледување во траење над шест месеци 45.821,00 денари, за помош за смрт на член на семејство на двајца вработени 90.920,00 денари.

Трошокот за плати варира како резултат на движења на вработените по основ вработувања, откажување на договорот за вработување ( отказ, спогодбен престанок на работен однос, пензионирање), понатаму користење боледувања, неплатени отсуства исплата на надоместоци од плата согласно колективен договор итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација_изнесува 2.706.919,00 денари и е помал во споредба со минатата година кога изнесувал 2.750.314,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| **ОПИС** | **2025 година** | **2024 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 17.730,00 | 4.576,00 | 13.154,00 | 3,87 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 413.337,00 | 440.004,00 | -26.667,00 | 0,94 |
| **репрезентација** | **108.824,00** | 60.332,00 | 48.492,00 | 1,80 |
| **спонзорство** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | - |
| **трошоци за осигурување** | 429.155,00 | 382.695,00 | 46.460,00 | 1,12 |
| **банкарски провизии** | **248.354,00** | 208.137,00 | 40.217,00 | 1,19 |
| **трош за ДДВ,членарини и адм.такси** | 1.108.846,00 | 986.370,00 | 122.476,00 | 1,12 |
| **трошоци за користење на права** | 0,00 | 0,00 | 0,00 | #DIV/0! |
| **Останати трошоци на работењето** | 737.774,00 | 223.664,00 | 514.110,00 | 3,30 |
| **вкупно:** | **3.064.020,00** | **2.305.778,00** | **758.242,00** | 1,33 |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 3.064.020,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци : надоместоци за вработените 17.730,00 денари, надоместоци на органите на управување 413.337,00 денари, репрезентациј 108.824,00 денари, осигурување 429.155,00 денари, банкарски провизии 248.354,00_денари, трошок

за ДДВ 1.027.856,00 денари и административни такси 80.990,00 денари; не се евидентирани трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери. Во групата останати трошоци на работење евдентирани се трошоци во вкупен износ од 737.774,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 635.057,00 ден. кои се зголемени во однос на истиот период од минатата година како резултат на зголемен број на тужени предмети ; трошоци за договор на дело 83.334,00 денари како и трошоци за огласување 19.383,00 денари .

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Еидентирани се трошоци по основ на тужени побарувања на износ 275.100,00 денари кои се однесуваат за ненаплатени побарувања по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање од 2023 година.

Минатата година во ова тромесечие не се евидентирани трошоци по основ на тужени побарувања.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 63.830,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 26.174,00 денари, и вонредни расходи на износ 37.656,00 денари по основ казни.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 8.565,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, услуги за ѓубретарина ,телефон и вода.

| **ОПИС** | **2025 година** | **2024 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Вредносно услогласување** | 275.100,00 | 0,00 | 275.100,00 | - |
| **Одобренија по рекламации** | 26.174,00 | 30.846,00 | -4.672,00 | 0,85 |
| **Вонреднио расходи** | 37.656,00 | 40.065,00 | -2.409,00 | - |
| **Камати** | 8.565,00 | 15.767,00 | -7.202,00 | 0,54 |
| **вкупно:** | **347.495,00** | **86.678,00** | **260.817,00** | **4,01** |

# ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА*

Во месец септември набавени се сообраќајни проекти на износ 406.935,00 денари. Станува збор за проекти за зонско паркирање во Општина Аеродром.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2025 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 141.875.024,00 денари.

За периодот 01.07.2025-30.09.2025 година евидентирани се побарувања од купувачи на износ 70.994.396,00 денари додека наплатата на побарувањата изнесува 70.136.701,00 денари. Во споредба со истиот период од минатата 2024 година евидентирани се побарувања од купувачи на износ 65.843.698,00 денари додека наплатата на побарувањата изнесувала 68.310.910,00 денари.
Наплатата на дел од побарувањата се врши тековно и во наредните пресметковни периоди.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.
Во третото тромесечие евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 22.528.521,00 денари додека пак исплата на обврски извршена е на износ од 22.695.940,00 денари.
Обврската за комунална такса кон Град Скопје за ова тримесечие изнесува 6 .898.984,00 денари. Во ова тромесечие извршено е плаќање на обврската за комунална такса на износ 6.611.825,00 денари која се однесува за период м.07-09.2024 година.
Дополнително кон средината на месец октомври платена е обврска за комунална такса на износ 7.259.583,00 денари со што подмирена е целокупната обврска за комунална такса за 2024 година.

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ СКОПЈЕ

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот 01.07.2025-30.09.2025 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 7.294.122,00 денари.

Позитивниот финансиски реултат е остварен како резултат на зголемување на оперативните приходи од дејноста паркирање. Стабилно ниво на приходи се остварува и од работата на сектор пајак од подигање на непрописно паркирани возила во соработка со МВР и комуналните инспектори на Град Скопје.

Во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува.

Обврска која сериозно финансиски го оптеретува претпријатието е комуналната такса за која очекуваме дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се изнајде законско решение за нејзино намалување .

Во зависност од условите на стопанисување очекуваме претпријатието да ги одржи и подобри резултатите од своето работење и во периодот што следи.

*Изработил:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
Мартин Гаврилски